Во согласност со член 12 став 3 од Законот за стручно образование и обука („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 3/25 и 74/25), министерката за образование и наука утврди

# ПРАВИЛНИК
# ЗА НАЧИНОТ НА ОРГАНИЗИРАЊЕ НА НАТПРЕВАРОТ ЗА НАЈДОБАР УЧЕНИК ВО СЕКТОРОТ ОД ЗАВРШНИТЕ ГОДИНИ НА ОБРАЗОВАНИЕТО ВО СТРУЧНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

## I. Општи одредби

### Член 1

Со овој правилник се утврдува начинот на организирање на натпревар за најдобар ученик во секторот од завршните години на образование во стручното образование.

### Член 2

Натпреварот се организира преку активности со кои се покажуваат, докажуваат, вреднуваат и рангираат знаењата, умеењата, вештините, способностите и вредностите (компетенциите) на учениците по стручните предмети и учење преку работа кај работодавач/практичната настава во рамките на секторот/образовната квалификација, согласно компетенциите определени во стандардите на занимање за образовната квалификација.

### Член 3

Министерството за образование и наука (во натамошниот текст: Министерството) во соработка со Центарот за развој на стручното образование (во натамошниот текст: Центарот) организира натпревари за најдобар ученик во секторот од завршните години на стручното образование.

### Член 4

Натпреварот се спроведува поединечно за секоја образовна квалификација, а најдобар ученик се избира на ниво на сектор според вкупните резултати.

Натпреварот се реализира на јазикот на кој ученикот ја следи наставата.

### Член 5

Одредбите од овој правилник подеднакво се применуваат и важат за сите учесници-ученици, ментори, организатори и комисии при реализација на натпреварите од член 1 од овој правилник.

## II. Начини на учество на натпревар

### Член 6

На натпревар може да учествуваат сите редовни ученици од завршните години на образованието, односно учениците од четврта година во четиригодишното и учениците од трета година во тригодишното стручно образование, кои доброволно ќе се пријават на повик објавен од страна на училиштето.

### Член 7

На натпреварите за избор на најдобар ученик во секторот можат да учествуваат учениците од образовните квалификации кои се застапени во две и повеќе училишта во Република Северна Македонија.

## III. Организација на натпреварот

### Член 8

Натпреварите може да се организираат секоја учебна година.

Натпреварите по правило се реализираат во текот на месеците октомври, ноември и декември.

### Член 9

Организацијата и реализацијата на натпреварите се одвива во две фази:

- на ниво на училиште и
- на државно ниво.

### Член 10

Организацијата и реализацијата на натпреварите на ниво на училиште е во надлежност на средното училиште.

### Член 11

Центарот определува училиште-домаќин каде се организира и реализира натпреварот на државно ниво.

### Член 12

Директорот на училиштето-домаќин формира организациска комисија која има задача да ги утврди потребните материјално-технички и просторни услови за организација и реализација на натпреварот на државно ниво.

**Член 13**

Материјално-техничките услови за реализација на натпреварот на државно ниво ги обезбедува училиштето-домаќин, во соработка со училиштата чии ученици се учесници на натпреварот на државно ниво.

**Член 14**

Претседател и членови на организациската комисија се:

- претседателот на соодветниот актив на наставници – претседател,
- наставник по стручно-теоретски предмети од училиштето-домаќин – член и
- наставник по практично образование од училиштето-домаќин – член.

**Член 15**

Организациската комисија од член 14 од овој правилник, определува работни групи за прибирање податоци, прегледување и изготвување ранг-листи по шифри и освоени бодови и рангирање на учениците според постигнатите резултати.

**Член 16**

Активностите за избор на најдобар ученик во секторот/образовната квалификација се реализираат доколку на државно ниво има најмалку пет учесници од истата квалификација од најмалку две училишта.

**Член 17**

Министерот за образование и наука именува централна комисија, во состав:

- директор на училиштето-домаќин – претседател,
- претставник од Министерството – член,
- советник за соодветна струка од Центарот – член,
- претставник од соодветната комора – член и
- претставник од соодветен факултет – член.

**Член 18**

Централната комисија:

- ги доставува тестовите и практичните задачи/вежби до учениците,
- го означува почетокот на натпреварот,
- ги дешифрира, обработува и истакнува резултатите од практичниот и теоретскиот дел,
- решава по приговори и
- обезбедува регуларност на натпреварот.

**Член 19**

На натпреварите за избор на најдобар ученик на државно ниво, Центарот:

- ги подготвува тестовите со клуч на одговори,

- ги одобрува практичните задачи/вежби со критериуми за бодирање на предлог на училиштето-домаќин и

- го определува оптималното времетраење на натпреварувањето.

**Член 20**

Времетраењето на натпреварот е најмногу 150 минути, од кои 60 минути се за тест и 90 минути се за работна/практична вежба/задача.

**Член 21**

За време на натпреварот ученикот смее да ја напушти просторијата само еднаш, не подолго од пет минути, со одобрение од тестаторот. Во спротивно, неговото учество се смета за завршено.

## IV. Вреднување и резултати

**Член 22**

За најдобар ученик во секторот се избира ученикот кој освоил најголем број бодови од сите ученици во рамки на секторот.

Доколку повеќе ученици постигнат ист број бодови, за најдобар ученик се прогласува ученикот кој го завршил натпреварувањето за пократок временски период.

**Член 23**

Максималниот број освоени бодови е 80, односно до 30 бодови за теоретски дел и до 50 бодови за практичен дел.

**Член 24**

Прелиминарната ранг-листа со резултатите се објавува на огласната табла во училиштето-домаќин истиот ден кога завршува натпреварот.

Учесниците имаат право на приговор до централната комисија, најдоцна 30 минути од истакнувањето на резултатите.

Централната комисија ги разгледува приговорите и ги објавува конечните резултати најдоцна 60 минути од поднесувањето на приговорот.

## V. Известување

**Член 25**

Центарот доставува извештај за резултатите од натпреварот на државно ниво за сите сектори и образовни квалификации до Министерството за образование и наука.

Извештајот треба да содржи податоци за: назив на сектор, вкупен број на учесници, број на учесници по квалификација, постигнати резултати и имиња на наградени ученици.

## VI. Завршна одредба

**Член 26**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на неговото донесување.

| | |
|---|---|
| **Бр. 18-14149/1** | **Министерка за образование и наука,** |
| **07.11.2025 година** | **проф. д-р Весна Јаневска, с.р.** |
| **Скопје** | |